РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5887/2
30-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата со број 12-5887/1 од 20.12.2023 година, доставена од познат подносител, со укажување, односно известување дека во тек е постапката за избор на декан на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитетот „----------------------------------" во --------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што пријавата не содржи наводи за злоупотреба на службена положба и овластувања.

Предметот со број 12-5887/1 од 20.12.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

На ден 20.12.2023 година поднесена е пријава од познат подносител насловено како известување, преку кое подносителот известува дека е во тек постапката за избор на декан на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитетот „-----------------------------------" ------------ и дека истиот има поднесено пријава за избор на декан и програма за работа.

При разгледување на пријавата ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување поради тоа што пријавата не содржи наводи за злоупотреба на службена положба и овластувања, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј., советник

Одобрил: В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk